- на вработените по Закон за работни односи ќе им се исплаќа бруто плата согласно Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат помошно-технички работи во општина Демир Капија, и измените од истиот.

**Член 10**

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2026 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

**Член 11**

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок дотации ќе се спроведува на следниов начин:

- средствата ќе се планираат на сметка – дотации (930), а ќе се извршуваат преку сметката – дотации на локалните јавни установи (903);
- локалните јавни установи финансирани со блок дотациите се должни во рок од два дена пред исплатата на платите на вработените до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците (копија од рекапитулација за пресметани нето и бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата) за месецот за кој се однесува платата;
- во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат од буџетот на дотации се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М –1.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од буџетот на дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното Министерство од кое ќе се трансферира блок дотацијата.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци го доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

**Член 12**

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на Советот изнесува 40% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на советот, за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок,

зголемен за 30% од утврдениот надоместок од став 1 на овој член.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на совет.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

На членовите на советот им се исплатуваат надоместоци за патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата и странство според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработените во општинската администрација.

**Член 13**

Вработените во општинската администрација имаат право на патни и дневни трошоци во случаите кога се упатени на пат врз основа на уредни и веродостојни документи.

Висината на дневниците за службено патување во земјата се исплатуваат во висина од 700 денари[2] и тоа за секои поминати од 08 – 12 часа половина дневница (350 денари) и цела дневница од 12,[01] -24 часа цела дневница (700 денари).

За службените патувања во странство дневницата се исплатува во висина утврдена како за вработените во органите од централната власт.

**Член 14**

Исплата на име надомест за годишен одмор ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 404110 – Надомест за годишен одмор на основа донесено решение од Градоначалникот.

Висината на надоместокот за годишен одмор се утврдува во износ од најмалку 60% од просечната месечна нето плата во Република Северна Македонија објавена до денот на исплатата.

**Член 15**

Во случај на боледување подолго од шест месеци на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во правниот субјект каде што е вработен од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 464990 – Разни трансфери.

**Член 16**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се реализираат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди и фискална сметка во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи до 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 17**

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000 денари одлучува Градоначалникот.

**Член 18**

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во општината и локалните јавни установи ќе се врши од Програма – Општинска администрација– ЕО расходно конто 464940 – Трансфери при пензионирање , односно Н1 основно образование, односно В1 социјална заштита и заштита на деца, К2-установа од областа на културата, односно од Програмата во која се планирани средствата за исплата на оваа намена, во висина од две просечни исплатени месечни нето плати во Републиката објавени до денот на исплатата а исплатата ќе се врши од Програма – Општинска администрација– ЕО расходно конто 464940 – Трансфери при пензионирање.

Во случај на смрт на вработен во општината на неговото семејство му припаѓа парична помош во висина од 30.000,00 денари. На вработениот во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и децата земени на издржување) му припаѓа парична помош во висина од 15.000,00 денари, а исплатата ќе се врши од Програма –Општинска администрација - ЕО расходно конто 464990 – Други трансфери.

Исплатата на надоместоците од претходните ставови на овој член ќе се врши врз основа на претходно оформена и комплетна документација и донесено решение од страна на Градоначалникот.

**Член 19**

Исплата на име јубилејни награди ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 404150 - Други надоместоци на основа донесено решение од Градоначалникот.

**Член 20**

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделните програми потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 21**

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на Општината.

Во делот на пренесените надлежности согласност за нови вработувања во локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации се дава за:

- вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија за тековната фискална година, согласно член 51 став (1) и (4) од Закон за буџетите за што писмено известување ќе даде Министерството за финансии, врз основа на барање од градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација, и
- вработувања за кои се обезбедени средства во основниот буџет на општината за тековната фискална година за што, согласно член 51 став (3) и (4) од Законот за буџетите писмено известување ќе даде градоначалникот на општината.

Во случај на нови вработувања локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации се должни да достават позитивно известување до Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

**Член 22**

Се овластува секторот за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата.

**Член 23**

Средствата утврдени во поодделни Програми донесени од Советот на општината и истите целосно или делумно се извршуваат од страна на јавните претпријатија чиј основач е општината, за реализација на истите градоначалникот склучува договор со соодветно јавно претпријатие за уредување на меѓусебните права и обврски и уредување на начинот на извршување на доверените работи, стоки и услуги.

**Член 24**

Кога приходите што му припаѓаат на буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 25**

Буџетот на Општина Демир Капија се извршува од 01.01.2026 до 31.12.2026 година.

**Член 26**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Демир Капија", а ќе се применува од 01 јануари 2026 година.

Број 08 – 914/4
26.12.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за одобрување на Планот на програмите за развој на Општина Демир Капија (2025-2026 година)**

Се објавува Одлука за одобрување на Планот на програмите за развој на Општина Демир Капија (2025-2026 година), што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 26.12.2025 година.

Број 09–938/3 Градоначалник на
29.12.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 21-б од Законот за буџетите ("Службен весник на РМ" бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и "Службен весник на РСМ" бр.151/21 и 3/25), Советот на Општина Демир Капија на IV-та седница одржана на ден 26.12.2025 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**За одобрување на Планот на програмите за развој на Општина Демир Капија (2025-2026 година)**

**Член 1**

Советот на Општина Демир Капија го одобрува предлогот на Планот на програмите за развој на Општина Демир Капија (2025-2026 година) и тоа:

**1. БУЏЕТСКА ПРОГРАМА ЈА – ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ**

Развојна потпрограма ЈАА – Изградба на електрични инсталации за улично осветлување во општина Демир Капија

**2. БУЏЕТСКА ПРОГРАМА ЛА – КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА**

Развојна потпрограма ЛАА - Реконструкција на фудбалско игралиште 2 фаза

**3. БУЏЕТСКА ПРОГРАМА НА – КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

Развојна потпрограма НАА – Доградба на кујна и ресторан за исхрана во склоп на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија, четврта фаза

**Член 2**

Планот на програмите за развој кој е составен дел на оваа Одлука претставува среднорочен приказ на програмите наменети за развојни проекти на Општина Демир Капија прикажани по одделни буџетски корисници, одделни буџетски програми и подпрограми, години во кои истите ќе се реализираат и изворите на нивното финансирање.

**Член 3**

Одобрениот План на програмите за развој ќе биде составен дел на предлогот на Буџетот на општината.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 914/5 Претседател на Совет на
26.12.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за утврдување на висината на благајнички максимум за 2026 година**

Се објавува Одлука за утврдување на висината на благајнички максимум за 2026 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 26.12.2025 година.

Број 09–938/4 Градоначалник на
29.12.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 183 став 2 од Законот за платежни услуги и платни системи ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.90/22, 64/24, 37/25 и 144/25), Советот на Општина Демир Капија на IV-та седница одржана на ден 26.12.2025 година донесе

**ОДЛУКА**
за утврдување на висината на благајнички максимум за 2026 година

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува висината на благајничкиот максимум за 2026 година што може да се подигни и држи во готови пари во благајната на Општина Демир Капија.

**Член 2**

Висината на благајнички максимум на готови пари кој може да се држи во благајната изнесува 20.000,оо денари.

Висината на благајнички максимум на готови пари кој може да се држи во благајната во девизни средства изнесува 1.000,оо ЕУР.

**Член 3**

Средствата од благајничкиот максимум кои може да се користат за плаќање на производи и услуги во готово не може поединечно да бидат повеќе од 6.000 денари и не може да надмине вкупен износ од 60.000 денари во текот на календарскиот месец.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 914/6
26.12.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2026 година**

Се објавува Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2026 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 26.12.2025 година.

Број 09–938/5
29.12.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Советот на општина Демир Капија, на IV-та седница одржана на 26.12.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2026 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2026 година изнесува 81,6 денари.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија“, а ќе се применува со исплата на платата за месецот јануари 2026 година.

Број 08 – 914/7
26.12.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за утврдување на пазарната вредност на градежно земјиште на подрачјето на Општина Демир Капија во 2026 година**

Се објавува Одлука за утврдување на пазарната вредност на градежно земјиште на подрачјето на Општина Демир Капија во 2026 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 26.12.2025 година.

Број 09–938/6
29.12.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 5 став 1 и став 4 од Законот за даноците на имот ("Службен весник на Република Македонија" бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16 и "Службен весник на РСМ" бр.151/21), а согласно член 12 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот ("Службен весник

на Република Македонија" бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14), Советот на општина Демир Капија на IV-та седница одржана на ден 26.12.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За утврдување на пазарната вредност на градежно земјиште на подрачјето на Општина Демир Капија во 2026 година**

**Член 1**

Пазарната вредност на градежното земјиште во 2026 година се утврдува според просечната цена на извршените купопродажби на градежното земјиште на подрачјето на Општина Демир Капија во 2025 година.

**Член 2**

Подрачјето на Општина Демир Капија е поделено на 7 зони.

**Член 3**

Првата зона го опфаќа градскиот центар од мостот на реката Бошавица по должината на ул.Маршал Тито, лево и десно до крстосницата со ул.Првомајска. Во прва зона влегува и левата страна од ул.Првомајска. Првата зона продолжува од раскрсницата на улиците Првомјаска, Радњанска и крак од ул.Илинденска покрај јазот до насипот на река Бошава.

Во прва зона влегуваат улиците:
-улица 11-ти Октомври, улица Јане Сандански, улица Маршал Тито, улица Илинденска, улица Првомајска-левата страна на улицата, улица 8 ми Март, улица Питу Гули, и улица 29-ти Ноември.

Пазарната вредност на градежното земјиште во првата зона изнесува **615,00** денари за метар квадратен со вклучена целосна инфраструктура.

**Член 4**

Втората зона ја опфаќа улица Маршал Тито од раскрсницата со ул.Првомајска до клучка Демир Капија и десната страна на ул.Првомајска, улицата Радњанска, улицата Гоце Делчев, десната страна од ул.Илинденска која што почнува од раскрсницата со ул.Првомајска врти десно по ул.Илинденска покрај јазот до насипот на р.Бошава. Улица Борис Кидрич, ул.Наум Наумовски, ул.Орце Николов, ул.Кирил и Методиј, ул.Партизанска, ул.Партизанска 2, ул.Даме Груев, ул.Тиквешка, ул.Димитар Влахов и ул. 4-ти Јули. Во втора зона влегува и индустриската зона Попова Кула.

Пазарната вредност на градежното земјиште во втората зона изнесува **553,00** денари за метар квадратен со вклучена целосна инфраструктура.

**Член 5**

Третата зона го опфаќа градежното земјиште во катастарските општини на селото:
-Чифлик

Пазарната вредност на градежното земјиште во третата зона изнесува **464,00** денари за метар квадратен со вклучена целосна инфраструктура.

**Член 6**

Четвртата зона го опфаќа градежното земјиште во катастарските општини на селата:
-Дошница
-Корешница

Пазарната вредност на градежното земјиште во третата зона изнесува **375,00** денари за метар квадратен со вклучена целосна инфраструктура.

**Член 7**

Петтата зона го опфаќа градежното земјиште во катастарската општина на селото:
-с.Бистренци

Пзарната вредност на градежното земјиште во четвртата зона изнесува **265,00** денари за метар квадратен со вклучена целосна инфраструктура.

**Член 8**

Шестата зона го опфаќа градежното земјиште во катастарските општини на селата:
-Прждево
-Дрен

Пазарната вредност на градежното земјиште во петтата зона изнесува **220,00** денари за метар квадратен со вклучена целосна инфраструктура.

**Член 9**

Седмата зона го опфаќа градежното земјиште во катастарските општини на селата:
-Клисура
-Челевец
-Лака
-Драчевица
-Копришница
-Бесвица
-Барово

Пазарната вредност на градежното земјиште во петтата зона изнесува **154,00** денари за метар квадратен со вклучена целосна инфраструктура.

**Член 10**

Пазарната вредност на градежното земјиште до кое има уредено делумно комунална инфраструктура (довод на електрична енергија, канализациона мрежа, водоводна мрежа, асфалтен пат и пристап со земјен пат) се пресметува согласно табела 1

(во која согласно уреденоста на градежното земјиште со инфраструктура, детално се утврдува цената за метар квадратен градежно земјиште) и истата е составен дел на оваа Одлука.

Пазарната вредност на градежното земјиште до кое нема комунална инфраструктура (довод на електрична енергија, канализациона мрежа, водоводна мрежа, асфалтен пат и пристап со земјен пат) изнесува 80,00 денари за метар квадратен градежно земјиште.

**Член 11**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија" а ќе се применува од 01.01.2026 година.

Број 08 – 914/8
26.12.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште на подрачјето на Општина Демир Капија во 2026 година**

Се објавува Одлука за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште на подрачјето на Општина Демир Капија во 2026 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 26.12.2025 година.

Број 09–938/7
29.12.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 5 став 1 и став 4 од Законот за даноците на имот ("Службен весник на Република Македонија" бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16 и "Службен весник на РСМ" бр.151/21), а согласно член 13 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот ("Службен весник на Република Македонија" бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14), Советот на општина Демир Капија на IV-та седница одржана на ден 26.12.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште на подрачјето на Општина Демир Капија во 2026 година**

**Член 1**

Пазарната вредност на земјоделското земјиште во 2026 година се утврдува според просечната цена на извршените купопродажби на земјоделско земјиште на подрачјето на Општина Демир Капија во 2025 година.

**Член 2**

Имајќи го во предвид бонитетот и интересот за купување на земјоделско земјиште на територијата на Општина Демир Капија и населените места, подрачјето на Општина Демир Капија е поделено на три групи за кои е утврдена вредноста на земјоделско земјиште за 1м2 по катастарски општини.

| | класа | | ниви | лозја | Ов.градини |
|---|---|---|---|---|---|
| Демир Капија 1 | I | | 120,0 | 126,0 | 120,0 |
| Демир Капија 2 | II | | 114,0 | 120,0 | 114,0 |
| Чифлик | III | | 106,0 | 112,0 | 106,0 |
| Дошница | IV | | 98,0 | 104,0 | 98,0 |
| Корешница | V | | 90,0 | 96,0 | 90,0 |
| Дрен | VI | | 82,0 | 88,0 | 82,0 |
| | VII | | 74,0 | 80,0 | 74,0 |
| | VIII | | 66,0 | 72,0 | 66,0 |

| | класа | | ниви | лозја | Ов.градини |
|---|---|---|---|---|---|
| Бистренци Прждево | I | | 50,0 | 55,0 | 50,0 |
| | II | | 43,0 | 48,0 | 43,0 |
| | III | | 39,0 | 44,0 | 39,0 |
| | IV | | 35,0 | 39,0 | 35,0 |
| | V | | 30,0 | 35,0 | 30,0 |
| | VI | | 25,0 | 30,0 | 25,0 |
| | VII | | 20,0 | 25,0 | 20,0 |
| | VIII | | 15,0 | 20,0 | 15,0 |

| | класа | | ниви | лозја | Ов.градини |
|---|---|---|---|---|---|
| Клисура | I | | 14,0 | 16,0 | 14,0 |
| Иберли | II | | 12,0 | 14,0 | 12,0 |
| Челевец | III | | 10,0 | 12,0 | 10,0 |
| Кошарка | IV | | 8,0 | 10,0 | 8,0 |
| Драчевица | V | | 6,0 | 8,0 | 6,0 |
| Барово | VI | | 4,0 | 6,0 | 4,0 |
| Бесвица | VII | | 2,5 | 3,0 | 2,5 |
| | VIII | | 2,5 | 3,0 | 2,5 |

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија" а ќе се применува од 01.01.2026 година.

Број 08 – 914/9
26.12.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за давање на трајно користење на возило-Трактор со приклучна механизација на ЈКП БОШАВА Демир Капија**

Се објавува Одлука за давање на трајно користење на возило-Трактор со приклучна механизација на ЈКП БОШАВА Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 26.12.2025 година.

Број 09–938/8
29.12.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на Општина Демир Капија,
Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), Советот на Општина Демир Капија на IV седница одржана на ден 26.12.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За давање на трајно користење на возило-Трактор со приклучна механизација на ЈКП БОШАВА Демир Капија**

**Член 1**

Со оваа одлука, Општина Демир Капија му дава на трајно користење на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Демир Капија, возило-трактор со приклучна механизација со следните карактеристики:

1. **Трактор**
   Марка: **TAFE**
   Комерцијална ознака: **TAFE 6530 4WD**
   Тип: **GX492 / 4WD / DAAEBBEBAAA**
   Идентификациски број на шасија: **MEA51F49US1520226**
   Најголема конструктивна вкупна маса на возилото (kg): **5180**
   Маса на возилото (kg): **2150**
   Категорија и вид на возило: **Т1 Трактор со тркала**
   Број на оски и тркала:**2**
   Зафатнина на мотор (cm ³): **3600**
   Силина на мотор (kW): **47,04**
   Вид на гориво: **Дизел**
   Идентификационен број на моторот: **E36648**
   Боја на возилото: **PORTOKALOVA / 71**
   Број на седишта**: 1**
   Година на производство: **2025**
   Регистарска ознака: **DK 3103 AB**

2. **Задна корпа за трактор (ровокопач)**
   Назив: **Ровокопач BH7600**
   Сериски број: **20250007408002**

3. **Даска за снег**
   Назив: **Даска за снег М250-Профи**
   Сериски број**: DEFAULT00035342**

4. **Комунален мулчер**
   Назив: **Мулчер 1,65м со хидраулика**
   Сериски број: **202400178011**

5. **Соларка**
   Назив: **Соларка RT-PRO-800**
   Сериски број: **0000092**

**Член 2**

Движната ствар од член 1 се дава на трајно користење без надомест на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Демир Капија.

**Член 3**

За реализација на оваа одлука, се обврзува Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Демир Капија, да го внесе возилото од член 1 од оваа одлука во евиденција на основни средства на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Демир Капија.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 914/10
26.12.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен

весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на управен и надзорен одбор на Јавното претрпијатие за комунални работи БОШАВА Ц.О. Демир Капија**

Се објавува Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на управен и надзорен одбор на Јавното претрпијатие за комунални работи БОШАВА Ц.О. Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 26.12.2025 година.

Број 09–938/9 Градоначалник на
29.12.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) а во врска со член 17-а став 2 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите ("Службен весник на РСМ" бр.213/24), Советот на Општина Демир Капија на IV-та седница одржана на ден 26.12.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на управен и надзорен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О. Демир Капија**

**Член 1**

Советот на Општина Демир Капија распишува Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на управен и надзорен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О. Демир Капија.

**Член 2**

Јавниот повик содржи податоци за условите кои треба да бидат исполнети, а на јавниот повик може да се пријават сите заинтересирани кандидати кои ќе поднесат пријава и комплетна документација со кои се потврдува дека ги исполнуваат условите од јавниот повик согласно законските прописи.

Јавниот повик е даден во прилог на оваа одлука.

**Член 3**

Постапката за избор на членови на управниот и надзорниот одбор на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О. Демир Капија, ја спроведува Комисија за селекција формирана од Советот на Општина Демир Капија.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 914/11 Претседател на Совет на
26.12.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Демир Капија за 2026 година**

Се објавува Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Демир Капија за 2026 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 26.12.2025 година.

Број 09–938/10 Градоначалник на
29.12.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) а во врска со член 99 став 1 алинеја (1) од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 224/24, 233/24 и 87/25), Советот на Општина Демир Капија на IV– та седница одржана на ден 26.12.2025 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ЗА 2026 ГОДИНА**

**ВОВЕД:**
**Општ дел**

Со донесување на Законот за градежно земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.15/15 од 02.02.2015), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Северна Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесува Советот.

Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија управува Владата на Република Северна Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Северна Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Северна Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е дејност од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер кој е запишан во јавните книги за запишување на правата на недвижностите и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот опфатено со границите на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиштето на кое се изградени објекти на комунална инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап до градежна парцела на јавен пат, објекти на водоводна, фекална и атмосферска канализација и друга инсталација, со приклучоци до градежна парцела, додека неуредено е земјиште на кое нема изградено комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјиште што со урбанистички план е наменето за изградба на населени места и градби.

Градежна парцела е најмала единица градежно земјиште што е оформена со урбанистички план и на кое е планирано градење на градба и/или има изградено градба, при што парцелата е ограничена со регулациона линија и граници на градежната парцела и го опфаќа земјиштето под градбата и дворното место односно земјиштето за редовна употреба на градбата.

Објект од траен карактер е објект кој е запишан во јавните книги за запишување на правата на недвижностите.

Објект од времен карактер е монтажно-демонтажен или типски објект кој се поставува на градежно неизградено земјиште заради привремена употреба на просторот до реализација на урбанистички план. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е објект од областа на сообраќајот (копнен, воден и воздушен сообраќај), подземна или надземна инсталација (вод) и електронски комуникациски мрежи и средства, со сите нивни придружни инсталации предвидени со проект за инфраструктура.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија може да се отуѓи, да се даде под долготраен закуп, под краткотраен закуп, да се разменува, да се заснова право на стварна службеност, да се даде на трајно користење, да се пренесе правото на сопственост или да се востановат други стварни права.

**А) Просторен опфат и предмет на Програмата**

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Демир Капија, дефинирана според територијалната организација на Република Северна Македонија, за време на календарска 2026 година.

За да може да се врши отуѓување, давање под закуп, на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во текот на годишната Програма се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на териториите на следните населени места и локалитети: Град Демир Капија (Централно градско подрачје, индустриска зона Попова Кула и зона за спорт и рекреација Лагот и Куријте), населено место Дрен (локалитет Дошница), населено место Бистренци, населено место Корешница, населено место Клисура и др.

**Б) Основи за изработка на Програмата**

- **Законски основ**

Законски основ на програмата за управување со градежното земјиште се: Закон за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Закон за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 224/24, 233/24 и 87/25).

- **Основни плански документи**

Други документи потребни за изработка на Програмата се следните стратешки, развојни и плански документи донесени на локално ниво:

- **Стратегија за локален економски развој** на Општина Демир Капија со акциски план за плански период од 2021 до 2025 год.

Цели и развојни правци на документот, особено деловите што се однесуваат на одделни населени места/локалитети што се предмет на Програмата.

**Стратешката цел 1: Подобрено бизнис опкружување, земјоделие и туризмот**, предвидено е да се реализираат следниве проекти:

1.1 Креирање на економски/социјален совет во рамките на општината,
1.2 Организирање настан за информирање на заинтересираните претставници на микро и малите претпријатија со претставници на Агенцијата за вработување за можностите за пристап со грантови и кредити,
1.3 Инфо сесии за можностите за финансирање и поврат на инвестициите на инвестициски проекти,
1.4 Информирање на работодавачите и физичките лица за можностите кои ги нуди ИПАРД програмата,
1.5 Информирање на работодавачите и физичките за можностите за аплицирање на огласите на Фондот за иновации,
1.6 Изградба на Инфо пулт во соработка со бензинската пумпа Детоил или сл. за подобрување на транзитен туризам,
1.7 Подготовка на урбанистичка документација за нови индустриски зони на територијата на општината,
1.8 Изработка на Водич за инвестиции (вклучувајќи ја и можноста за инвестиции во искористување на обновливите извори на енергија);
1.9 Афирмација на природните вредности на Општината,
1.10 Креирање на спасувачка служба во делот на активен туризам,
1.11 Менаџирање на локалитетот топли вирови и качувачкиот локалитет/центар демиркаписка клисура,
1.12 Изградба и опремување на Етно село „Клисура„ врз основа на направената техничка документација,
1.13 Заштита и истражување на туристички атракции Горен и Долен Змејовец,
1.14 Поврзување на градот Демир Капија со клисурата преку реката Вардар со висечки пешачки мост,
1.15 Реализација на активностите од Стратегијата за развој на туризмот 2020-2024 година,
1.16 Подобрување на условите за инклузивен туризам преку имплементација на Регионалната програма за инклузивен туризам 2021-2024,
1.17 Поставување на платформа за полетување на параглајдери

**Стратешката цел 2. Развој на човековите ресурси на локалната самоуправа, во партнерство со приватниот и граѓанскиот сектор, за испорака на ефикасни и ефективни**

**услуги за населението и правните лица во општината** предвидено е да се реализираат повеќе проекти:

2.1 Подобрување на соработката со граѓански организации и консултантски куќи за аплицирање на проекти;
2.2 Подготовка на проекти на локално ниво за прекугранична соработка,
2.3 Подготовка на ИПА проекти за локална инфраструктура,
2.4 Подготовка на ЕУ проекти на локално ниво како што се Хоризонт 2020, Косме, Програма за вработување и социјални иновации, Еразмус +, Европа за граѓаните и др.
2.5 Анимирање на меѓународните организации за финансирање на проекти во рамките на општината,
2.6 Обуки за Менаџмент на проектен циклус и претприемништво,
2.7 Зајакнување на економијата на општина Демир Капија преку поддршка за отворање на социјални претпријатија,
2.8 Поддршка на стручно оспособување преку промоција на практиканство,
2.9 Креирање на установа/институција за образование на возрасни,

**Стратешката цел 3: Подобрена физичка и комерцијална инфраструктура, искористување на потенцијалите за зелена индустрија и квалитетот на живеењето на локалното население** предвидено е да се реализираат следниве проекти:

3.1 Искористување на потенцијалите за зелена индустрија и изградба на ветерниот парк во Демир Капија;
3.2 Искористување на потенцијалите за зелена индустрија преку изградба на фотоволтаици,
3.3 Искористување на водените ресурси на територијата на општината со изградба на акумулации и мали хидроцентрали,
3.4 Искористување на отпадот од виновите насади производство на енергијата,
3.5 Набавка на контејнери (за пластични шишиња, стаклени шишиња, хартија),
3.6 Изградба и реконструкција на патишта,
3.7 Чистење на Демиркаписка клисура по течение на Човечка река од цврст отпад оставен од градба на автопат,
3.8 Иницијативи за отворање на банкарски експозитури,
3.9 Посредување за отворање на канцеларии на подрачните министерства,
3.10 Интервенции во водоводната инфраструктура во градот и населените места, каде што не е извршена замена на азбестноцементни цевки со нови полиуретански цевки со што ќе се решат истовремено два проблема – големите загуби на вода во секундарната мрежа и ќе се подобри квалитетот на водата за пиење,
3.11 Изградба на системи за одведување на фекална вода во селата кои не се покриени со систем за канализација, освен Градот и селата Бистренци и Корешница;
3.12 Изградба на атмосферска канализација во градот,
3.13 Реконструкција и одржување на улици во Демир Капија и населените места, како и локалните патишта, посебно на оние кои водат до населените места и рекреативните (туристички) локалитети и урбано уредување на населените места и туристичките (рекреативни и археолошки) локалитети;
3.14 Проширување на спортско рекреативен локалитет,
3.15 Подобрување на изолацијата на училиштето,
3.16 Подобрување на условите за работа на институциите од јавен карактер во општината,
3.17 Подобрување на условите во Музејот,
3.18 Намалување на социјалните проблеми и зголемување на достапноста на услугите согласно потребите на најранливите категории на граѓани,
3.19 Подобрување на пороите и водотеците во општина Демир Капија,
3.20 Подобрување на условите за работа на институциите,
3.21 Отпочнување на процес на гасификација на Општината,

**Стратешката цел 4: Промоција на Општината Демир Капија како атрактивно место за инвестиции** предвидено е да се реализираат следниве проекти:

4.1 Промоција на Демир Капија како привлечна дестинација за инвестирање,
4.2 Промоција на Демир Капија како атрактивна дестинација,
4.3 Промоција на Демир Капија како привлечна дестинација за алтернативен и еко туризам,
4.4 Промоција на атрактивностите на Демир Капија

- **Локален еколошки акционен план** за Општина Демир Капија за плански период од 2011 до 2016 год.

Цели и развојни правци на документот, особено деловите што се однесуваат на одделни населени места/локалитети што се предмет на Програмата.

Приоритетни проблеми во областа на животната средина.

Приоритет 1: Доизградба на канализациони системи и изградба на пречистителни станици за комунални води во општинскиот центар и населените места. Цели: Изградба на системи за прифаќање и одведување до реципиент на отпадните фекални и атмосферски води, системи за прифаќање и пречистување на комуналните отпадни води;

Приоритет 2: Изградба на водоснабдителни системи за вода за пиење. Цели: Изградба на системи за снабдување на населението со вода;

Приоритет 3: Изградба на пречистителни станици за вода за пиење во населените места;

Приоритет 4: Изградба на системи за интегрирано управување со цврст отпад

Приоритет 5: Селекција, сепарирање и искористување на рециклабилните отпадни материи, Цел: Генерирање на приходи во општината преку чиста животна средина

Приоритет 6: Неконтролирана употреба на вештачки ѓубрива и пестициди. Едукација на земјоделците за начините на употреба на заштитни средства и стандардите за производство на органска храна. Цел: Заштита на почвите и земјоделските производи;

Приоритет 7: Донесување на урбанистичка документација со која ќе се избегне ненаменското користење на земјоделско земјиште за други цели. Цел: Урбанизација на просторот и заштита на земјоделското земјиште;

Приоритет 8: Искористување на органскиот отпад-биомаса од земјоделството, Цел: Заштита на природата и производство на енергија

Приоритет 9: Заштита на шумскиот фонд. Цел: Заштита на шуми и унапредување на природата;

Приоритет 10: Заштита на ендемични-загрозени видови преку прогласување на заштитни зони на природата, Цел: Заштита на природата и растенијата;

### III–3 Понизок степен на уреденост на градежно земјиште опфаќа:

- непречен пристап до градежната парцела од некатегоризиран јавен пат,
- сопствено водоснабдување (нема приклучок на водоводна мрежа),
- септичка јама (нема приклучок на фекална канализација),
- сопствен одвод на атмосферски води (нема приклучок на атмосферска канализација),

- нестандардно улично осветлување и
- надземна нестандардна електрична мрежа.

**III–4 Опремување со објекти од комунална инфраструктура до градежна парцела**

а) Опремување со објекти од комунална инфраструктура за заедничка комунална потрошувачка во кои спаѓаат:
- Основни градски сообраќајници (примарни и секундарни);
- Непречен пристап до градежните парцели од јавен пат;
- магистрални и примарни водоводи за довод на вода заедно со пратечки објекти;
- Магистрални и примарни водоводи за одвод на фекална и атмосферска вода заедно со пратечки објекти;
- Градски плоштади и јавни прометни површини (улици, тротоари, пешачки и други површини согласно урбанистичките планови);
- Изградба на јавно осветлување и
- Изградба на јавно зеленило.

Овие елементи преставуваат претходни вложувања за опремување на градежното земјиште а учествуваат со 30% од надоместокот за уредување на градежното земјиште за станбено и деловни простории.

б) Индивидуална комунална потрошувачка за кои е извршено или ќе се изврши;
- Изградба на секундарна водоводна мрежа до водомерната шахта;
- Изградба на секундарна фекална мрежа до последната шахта;
- Изградба на секундарна нисконапонска електрична мрежа до и со приклучен орман за индивидуални станбени згради и со разводен орман за колективни станбени згради;
- Изградба на ПТТ мрежа до приклучен орман.

Трошоците за уредување на градежното земјиште до градежната парцела која е доделена на користење согласно склучените договори со корисниците, ги плаќа инвеститорот со едно приклучно место за секој објект од инфраструктурата на една градежна парцела. Целосно уредување на градежното земјиште се врши по обезбедување на правни, технички услови и материјални сретства.

**III–5 Опремување со објекти од комунална инфраструктура во границите на градежната парцела:**

Уредување на градежното земјиште во границите на градежната парцела со комуналната и сообраќајна инфраструктура и партнерното уредување го врши корисникот на земјиштето (инвеститорот);
- Проектирањето и изградбата на инфраструктурната мрежа за висок напон, друга инсталација и објекти, трафостаници или учество во нив, корисникот на земјиштето го регулира согласно енергетската согласност издадена од ЕВН Македонија АД;
- Доколку изградените објекти од комуналната инфраструктура остануваат во границите на градежната парцела на корисникот и под објектите што ќе ги гради корисникот на земјиштето мора да побара писмена согласност од надлежниот општински орган кој дава согласност по мислење од соодветното комунално претпријатие.
- Трошоците за заштита на тие објекти ги сноси корисникот на земјиштето.
- Трошоците за пресметување на постојните објекти од комуналната инфраструктура што пречат за изградба и користење на објектите ги сноси корисникот на земјиштето со исклучок на трошоците за пресметување на постојните инфраструктурни инсталации што пречат за изградба на објектите и користење, изградени без согласност на надлежниот општински орган и
- Трошоците за расчистување на градежното земјиште и гео-механичките испитувања ги сноси корисникот на земјиштето. Исто така корисникот на земјиштето е должен да ги надомести на општината, порано направените трошоци за расчистување на градежната парцела.

## IV. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

### ПРИХОДИ

Програмата за уредување на градежното земјиште за 2026 година ќе се финансира со средства во вкупен износ од 75.904.582,00 денари и тоа преку следните извори:

1. Приходи од надоместокот за уредување на градежно земјиште 17.858.259,00

| | | |
|---|---|---|
| | ........................................................... | ден. |
| 2. | Приходи од Р.Македонија - ЈП за државни патишта Скопје ............................................................. | 1.743.376, 00 ден. |
| 3. | Приходи за отуѓување на градежно земјиште ............................................. | 19.893.285,00 ден. |
| 4. | Приходи од надоместок за улично осветлување....................................... | 4.000.000, 00 ден. |
| 5. | Приходи од Министерство за животна средина и просторно планирање......................................... | 3.964.837, 00 ден. |
| 6. | Приходи од Министерство за спорт ......... ... ................................................ | 13.074.418,00 ден. |
| 7. | Приходи од Министерство за локална самоуправа ......................... | 2.000.000, 00 ден. |
| 8. | Приходи од Министерство за образование и наука ......................... | 5.462.432, 00 ден. |
| 9. | Приходи од Министерство за транспорт ........................................... | 7.907.975, 00 ден. |

## РАСХОДИ

### 1. ИЗРАБОТКА НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1.1 Изработка на основен проект за реконструкција на локални патишта Прждево - Бесвица

1.2 Изработка на основен проект за реконструкција на улица Партизанска крак 1 во Демир Капија

1.3 Изработка на основен проект за реконструкција на улица во с.Корешница,

1.4 Изработка на основен проект за реконструкција на улица с.Дрен

1.5 Изработка на основен проект за реконструкција на улица во с.Бистренци

1.6 Изработка на основен проект за реконструкција на улица во с.Прждево

1.7 Изработка на основен проект за реконструкција на улица во с.Чифлик

1.8 Изработка на основен проект за Спортско игралиште за мал фудбал

1.9 Изработка на основен проект за уредување на паркинг простор во Демир Капија

1.10 Изработка на основен проект за реконструкција (поплочување на површини, покривање..) на градскиот Пазар во Демир Капија

1.11 Изработка на основен проект за изградба на фонтана на градски плоштад

1.12 Изработка на основен проект за дел од водоводна мрежа во Д.Капија

1.13 Изработка на техничка документација за изградба на нови бунари за водоснабдување на с.Корешница и с.Прждево

1.14 Изработка на основен проект за изградба на фекална канализација - крак во с.Чифлик (од споменикот до постојната фекална канализација);

1.15 Изработка на основен проект за изградба на фекална канализација за поврзување на фекална канализација од ул.Партизанска 4 со колекторот од с.Чифлик - Демир Капија

1.16 Изработка на анекс на основен проект за изградба на фекална канализација за с.Клисура

1.17 Изработка на основен проект за реконструкција на атмосферска канализација на ул.Партизанска во Демир Капија

1.18 Изработка на техничка документација за поврзување на фекална канализација од с.Чифлик до постојна фекална канализација со ПСОВ во локалитет Дошница,

### 2. ИЗГРАДБА / РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ ВО ДЕМИР КАПИЈА

2.1 Реконструкција, на улици во Демир Капија: Радњанска (крак), Маршал Тито (крак), Димитар Влахов, 4 јули, Борис Кидрич, 8 Март (крак), 11 Октомври,

2.2 Уредување на паркинг зони,

2.3 Реконструкција на улици во Корешница.

2.4 Санација на улици во населени места

### 3. ВОДОВОД

3.1 Изградба на дел од секундарна водоводна мрежа во Демир Капија,

3.2 Реконструкција на каптажа на водовод во с.Барово,

3.3 Изградба на бунар за водоснабдување на с.Прждево,

3.4 Доизградба на водовод во с.Клисура трета фаза,

3.5 Надградба - дополнително водоснабдување со вода на с.Бистренци од водовод на с.Корешница,

3.6 Изградба на бунар за водоснабдување на с.Корешница

3.7 Изградба на дел од секундарна водоводна мрежа до нови плацеви во с.Чифлик

### 4. ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

4.1 Изградба на фекална канализација за поврзување на фекална канализација од ул.Партизанска 4 со колекторот од с.Чифлик - Демир Капија;

4.2 Изградба на дел од фекална

канализација во населено место Прждево;

4.3 Изградба на фекална канализација во с.Дрен

4.4 Изградба на фекална канализација - крак во с.Чифлик (од споменикот до постојната фекална канализација);

5. АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

5.1 Одводнување на атмосферската вода од поројни места во градот.

5.2 Реконструкција на атмосферска канализација на ул.Партизанска во Демир Капија

5.3 Изградба на атмосферска канализација на дел на ул.Тиквешка 2 во Демир Капија

5.4 Изградба на атмосферска канализација на ул.Димитар Влахов во Демир Капија

5.5 Изградба на атмосферска канализација на дел од ул.Маршал Тито во Демир Капија

6. УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

6.1 Надградба на улично осветлување на дел од улица Партизанска крак 2 и улица 3 во Д.Капија;

6.2 Надградба на улично осветлување на дел од ул.Радњанска (крак) Д.Капија

6.3 Надградба на улично осветлување на

6.4 дел од ул.11 Октомври Д.Капија

6.5 Надградба на улично осветлување на дел од Илинденска - Демир Капија
Надградба на улично осветлување на дел од Гоце Делчев - Демир Капија

6.6 Надградба на улично осветлување на улици во с.Корешница

6.7 Одржување на улично осветлување и зимско украсување

7. РЕДОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНИТЕ ОБЈЕКТИ

7.1 Зимско одржување на локалните патишта и улици во Демир Капија;

7.2 Хоризонтална сигнализација;

7.3 Вертикална сигнализација;

7.4 Крпење на ударни дупки со асфалт.

7.5 Санација на улици

8. ИЗГРАДБА/РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА

8.1 Реконструкција на дел од локален пат с.Корешница - с.Челевец;

8.2 Реконструкција на дел од пат с.Прждево - Бесвица;

8.3 Редовно одржување на локални патишта.

9. ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ДРУГИ ОБЈЕКТИ

9.1 Изградба на паркови и зеленило во Демир Капија

9.2 Изградба на паркови и зеленило во Корешница и Бистренци

9.3 Уредување на просторот на автобуска станица

9.4 Уредување на градски Пазар (поплочување на површини, покривање на
Пазар..) во Демир Капија

9.5 Реконструкција на фудбалско игралиште фаза 2

9.6 Изградба на тениско игралиште

9.7 Доизградба на кујна И ресторан за исхрана во склпо на ООУ Д.А.Габерот

## V. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕТО НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

При пресметување на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште учеството на поедини елементи на дополнителното опремување на градежното земјиште кои учествуваат со 70% од надоместокот за уредување на градежно земјиште за станбени и деловни објекти е следното:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на Детални урбанистички планови и урбанистичка документација за населени места | 4,8 % |
| 2. | Изградба на улици<br>• Експропријација<br>• Пробивање<br>• Изградба на горен и долен строј | <br>5,6 %<br>4, 0 %<br>19,6 % |
| 3. | Изградба на фекална канализација | 6,5 % |
| 4. | Изградба на атмосферска канализација | 4,5 % |
| 5. | Изградба на водоводна мрежа | 6,0 % |
| 6. | Изградба на ниско напонска мрежа | 4,5 % |
| 7. | Поставување на трафостаница | 11,0 % |
| 8. | Останати трошоци ( тех. Документација, надзор и сл.) | 3,5 % |

Овие елементи преставуваат вистински (реални) трошоци за опремување на градежното земјиште, а учествуваат 70 % од надоместокот за уредување на градежното земјиште. Делот од 30% е обавезен за пресметување и наплата без обзир на степенот на уредување на предметната парцела.

Висината на надоместокот на градежното земјиште се пресметува на следниот начин:

- За расчистување на градежните парцели за објекти од комуналната

инфраструктура за индивидуалната и заедничката комунална потрошувачка, проектирањето и изградбата на објекти од комунална инфраструктура и уредување на заедничкиот градски простор се наплатува надоместок за уредување на градежното земјиште на ниво на општина Демир Капија врз основица изразена во денари м2 нето, изградена површина и согласно член 4 од Правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висиниата на трошоците за уредување во зависнот од степенот на уреденост ("Службен весник на Република Македонија" бр.193/2016 и 72/2018 и "Службен весник на Република Северна Македонија" 16/2022).

- За секој вид на простор неопфатен од одредбата на член 4 од Правилникот, надоместокот ќе се пресметува по аналогија како просторот опфатен со оваа Програма.

## VI. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВАТА РАСПРЕДЕЛБА

Трошоците за уредување на градежното земјиште се утврдуваат согласно реалните трошоци направени за соодветните степени на уреденост на градежното земјиште со објектите на комуналната инфраструктура. Во услови кога неможе да се утврдат направените реални трошоци и кога не се реализирани објектите на комуналната инфраструктура, согласно степенот на планираната уреденост трошоците за уредување на градежното земјиште се пресметуваат врз основа на новата корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простори во објектот согласно заверениот основен проект и анекс на основниот проект помножена со коефициентите.

Градежното земјиште во градот Демир Капија се определува во (2) две зони.

Првата зона (централно подрачје) го опфаќа градскиот центар од мостот на реката Бошавица по должина на ул. Маршал Тито, лево и десно до крстосницата со ул. Првомајска. Левата страна од ул. Првомајска припаѓа во прва зона.

Првата зона (централно подрачје) продолжува од раскрсницата на ул. Првомајска, Радњанска и крак од ул. Илинденска, по кракот лево на ул. Илинденска, врти десно по ул. Илинденска покрај јазот до насипот на р. Бошава.

Сите други парцели во Демир Капија, припаѓаат во втора зона (вонцентрално подрачје). Висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште и неговата распределба е дадена во следниот преглед.

**1.)** Висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уредност на градежното земјиште согласно член 2 на Правилник за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уредност, се пресметува по метар квадратен на новата корисна површина што ќе се гради, што претставува збир на нето површините на подовите на сите простори во објектот, согласно заверениот основен проект и анекс на основниот проект, помножен со следните коефициенти:

ГРАДЕЖЕН РЕОН НА ГРАДОТ

| | | I - зона (централно подрачје) | II - зона (вонцентрално подрачје) | Индустри-ска зона | Коефи-циент |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Станбени објекти | 1000ден | 800 ден | 2000 ден | |
| - | станбени простории | | | | 1,0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - | станбени простории со висина до 2,50м, подпокривен простор | | | | 0,2 |
| - | лоѓија затворена од три страни | | | | 0,4 |
| - | подлоѓија затворена од две страни | | | | 0,3 |
| - | балкони, тераси | | | | 0,2 |
| | заеднички проодни тераси, пасажи | | | | 0,2 |
| - | помошни простории, остава за гориво, котлара, визба | | | | 0,3 |
| - | трафостаница до 35KW во објектот и надвор од објектот | | | | 0,3 |
| - | скалишен простор и зеднички комуникации | | | | 0,3 |
| - | стражарници, управител, простории за домар | | | | 0,5 |
| - | паркиралишта и гаражи | | | | 0,1 |
| 2. | Деловни и јавни објекти | 1800ден | 1400 ден | 2000 ден | |
| - | простории | | | | 1,0 |
| - | магацини | | | | 0,5 |
| - | помошни простории, остава за гориво, котлара | | | | 0,3 |
| - | трефостаница до 35KW во објекот и надвор од објектот | | | | 0,4 |
| - | скалишен простор и заеднички комуникации | | | | 0,5 |
| - | паркиралишта и гаражи | | | | 0,1 |
| - | лоѓија затворена од три страни | | | | 0,5 |
| - | подлоѓија затворена од две страни | | | | 0,4 |
| - | балкони, тераси | | | | 0,3 |
| - | отворен наткриен простор | | | | 0,3 |
| 3. | Други објекти | 1800ден | 1400 ден | 2000 ден | |
| - | катни гаражи | | | | 0,05 |
| - | спортски покриени објекти | | | | 0,5 |
| - | спортски откриени објекти | | | | 0,3 |
| | гасни станици и базни станици за 50% од површината на локацијата | | | | 1,0 |
| - | отворени пазаришта - за 30% од површината на локацијата | | | | 1,0 |
| - | базени и | | | | 0,2 |
| - | трафостаници над 35KW | | | | 1.0 |
| 4. | За објектите од група на класи на намени Г-производство, дистрибуција и сервиси: | | | 2000 ден | |
| - | Г1 тешка и загадувачка индустрија | | | | 0,05 |
| - | Г2 лесна и незагадувачка индустрија | | | | 0,01 |
| - | Г3 сервиси | | | | 0,01 |
| | Г4 стоваришта | | | | 0,01 |
| 5. | За бензинска пумпна станица и нејзини придружни содржини (продавници, кафетерии и ресторани, авто сервиси, авто салони, помошни простории) | | | 2000 ден | |
| - | продажни простории на бензинските пумпни станици | | | | 1,0 |
| - | услужни простории на бензинските пумпни станици | | | | 1,0 |
| 6. | За објектите од група на класи на намени Б5-угостителски и туристички комплески, хотелски комплекси и одмаралишта, и за | 1800ден | 1400 ден | 2000 ден | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | објектите од група на класи на намени А4-хотел, мотел, времено сместување во викенд куќи, планинарски дом и ловен дом | | | |
| - | сите простории | | | 0,05 |
| 7. | За детски градинки, пензионерски домови и домови за стари лица | 1800ден | 1400 ден | |
| - | сите простории | | | 0,05 |
| 8. | За објекти за високо образование | 1800ден | 1400 ден | |
| - | сите простории | | | 0,5 |
| 9. | За објекти за култура | 1800ден | 1400 ден | |
| | - сите простории | | | 0,01 |
| 10. | За објекти за терцијална здравствена заштита | 1800ден | 1400 ден | |
| | - сите простории | | | 0,05 |
| 11. | За објекти за производство на електри на енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија) | | | 0,01 |
| | | | | |
| 12. | За објекти за производство на електрич на енергија од сончева енергија (фотонапонски панели) | | | 0,01 |

**2.)** По исклучок од став (1), во новата корисна површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација не се пресметуваат површините на:

- инсталационите канали;
- окната за лифтови;
- окна на врати и отворени паркиралишта,
- подземни резервоари
- објекти заштитени како културно наследство.

**3.)** За објектите од став 1 со височина над 32 ката, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина согласно став 1 и 2.

Висината на трошоците за уредување на градежно земјиште во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина согласно став (1) и (2) од овој член и за други објекти од став (1) на овој член без оглед на нивната височина, кои се наоѓаат на истата градежна парцела на која е предвидена изградба на објект со височина над 32 ката.

**4.)** За агро берзи, откупно дистрибутивни центри или пазари висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 50% од вкупно пресметаната површина согласно став 1 и 2.

**5.)** За објекти од група на класи на намени Г- производство, дистрибуција и сервиси, висината на трошоците за уредување на градежно земјиште неможе да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентите опишани во член 4 став (1) точка 4 од правилникот.

**6.)** За линиски инфраструктурни објекти - државни патишта, локални патишта и улици, магистрални улици, собирни улици, водоводи, канализации, железнички пруги, гасоводи, топловоди, далноводи со напонско ниво од и над 35 KW како и за брани со акумулации, термоцентрали, езерски и речни пристаништа и за доградби и надградби на објекти за кои е донесена одлука од страна на советот на општината согласно законот за член 67-а став (1) од Законот за градење, а инвеститор е општината, не се утврдуваат трошоци за уредување на градежно земјиште.

**7.)** За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија), висината на трошоците за уредување

| | |
|---|---|
| | на градежното земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година помножена со површината и коефициент утврден во став (1) точка 11.<br>(Висината на просечната нето плата во РСМ за 2025 година се превзема од податоците објавени од страна на Државниот завод за статистика) |
| **8.)** | За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 20% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година помножена со 50% од површината на градежната парцела и со коефициент утврден во став (1) точка 12.<br>(Висината на просечната нето плата во РСМ за 2025 година се превзема од податоците објавени од страна на Државниот завод за статистика) |
| **9.)** | За објекти за производство на електрична енергија од ветерна енергија (Ветерници) висината на трошоците за уредување на градежно земјиште изнесува 1.200.000,00 денари за една ветерница |
| **10.)** | Надоместокот за поставување на електронски комуникациски мрежи за:<br>- столб, изнесува 30.000,00 денари/единица - на еден столб<br>- подземен кабел, изнесува 100 денари/м1<br>- надземен кабел, изнесува 200 денари/м1 |
| **11.)** | Надоместокот за поставување на Мрежи и водови за пренос на електрична енергија за:<br>- столб за високонапонска мрежа, изнесува 60.000,00 денари/единица - на еден столб<br>- подземен и надземен кабел за високонапонска мрежа, изнесува 500,00 денари/м1<br>- столб за нисконапонска мрежа, изнесува 30.000,00 денари/единица - на еден столб<br>- подземен кабел за нисконапонска мрежа, изнесува 100,00 денари/м1<br>- надземен кабел за нисконапонска мрежа, изнесува 200,00 денари/м1 |
| **12.)** | Надоместокот за изградба на Базни станици за мобилна телефонија, изнесува 6.000,00 денари /м2 на градежно земјиште во плански опфат |
| **13.)** | Надоместокот за изградба на трафостаници од втора категорија , изнесува 6.000,00 денари/м2 |
| **14.)** | Надоместокот за изградба на трафостаници од прва категорија и команден центар, изнесува 6.000,00 денари/м2, |
| **15.)** | Надоместокот за изградба на трафостаници од прва категорија – команден центар (администрација), изнесува 6.000,00 денари/м2 |
| **16.)** | Надоместок за изградба на пристапен пат за ветерни електрани, изнесува 100.000,00 денари/км |

За населените места Корешница, Чифлик и локалитет Дошница висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува (освен за индустриска зона и објекти од став 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15 и 16) 80 % од утврдената вредност за втора зона (вонцентрално подрачје) во Демир Капија.

За населеното место Бистренци висината на надоместок за уредување на градежното земјиште изнесува (освен за индустриска зона и објекти од став 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15 и 16) 50% од утврдената вредност за втора зона (вонцентрално подрачје) во Демир Капија.

За населените места Прждево, Дрен, Челевец, Бесвица, Клисура, Иберли, Кошарка, Копришница, Драчевица, Бесвица и Барово висината на надоместок за уредување на градежното земјиште изнесува (освен за индустриска зона и објекти од став 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15 и 16) 20% од утврдената вредност за втора зона (вонцентрално подрачје) во Демир Капија.

## VII . НАЧИН ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖАВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА

За висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште како и за начинот на плаќање на надоместокот се склучува договор, во кој се регулираат правата и обврските на договорните страни со утврдени рокови за извшување на истите.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за пренамена од станбен

во друг вид простор се наплатува во висина на евентуалната разлика еднократно, а сретствата се неповратни.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште за пренамена од друг вид простор (јавен, деловен, производен и друг) во станбен простор не се наплатува.

Во случај кога опремувањето на градежното земјиште е завршено во претходниот период за целосно уредено градежно земјиште, корисникот на земји-штето плаќа надоместок до висина на реалните трошоци за уредување - целосен надоместок.

Во случај кога градежното земјиште се доуредува (кога е изградена основна инфраструктурна мрежа, а на неа траба да се доизгради секундарна инфраструктурна мрежа) корисникот на земјиштето е должен да инвестира во нејзината изградба.

Во случај кога градежното земјиште делумно ќе се уредува или воопшто нема да се уреди, корисникот на земјиштето плаќа надоместок во висина на трошоците за делумно уредување на земјиштето - делумен надоместок или воопшто не плаќа надоместок.

Во случај кога градежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа и не е целосно изградена инфраструктурата а корисникот на земјиштето инсистира сам да ја гради секундарната инфраструктурна мрежа согласно заверената техничка документација за градење на инфраструктурните објекти со свои средства должен е на локалната самоуправа да и надохнади за порано направените трошоци во висина од 30% од надоместокот за уредувањее на градежното земјиште, да овозможи на идните корисници на земјиштето приклучување на инфраструктурните мрежи без да му платат надоместок односно инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам да биде технички примена од соодветното комунално претпријатие и да ја предаде на локалната самоуправа без надоместок.

Трошоците за опремување и изградба на објекти од комуналната инфраструктура надвор од конкретната градежна парцела и трошоците за преместување на објекти од комуналната инфраструктура за индивидуална и заедничка комунална потрошувачка што корисникот ги извел и ги изведува самоиницијативно без учество на општината а пред склучување на писмен договор за регулирање на градежното земјиште и писмен договор за изведување на објекти од комуналната инфраструктура не се признаваат освен во локалите каде биле бесправно изградени објекти, а со донесување на нови урбанистички планови истите се вклопуваат.

За овие локалитети мора да има исправна техничка документација за изградени објекти од инфраструктурата заверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи примени од јавните комунални претпријатија. При ова се признаваат само трошоците - делот на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградена инфраструктурна мрежа од индивидуална комунална потрошувачка.

Оваа изградена инфраструктурна мрежа мора да биде предадена на локалната самоуправа, а новите корисници на земјиштето да и надоместат на локалната самоуправа целосен надоместок за уредување на градежното земјиште.

Во поглед на присилна наплата каматата и застреноста на обврската за плаќање ќе се користи клазулата од Договорот помеѓу Инвеститорот и Органот на Општината надлежен за уредување на градежното земјиште.

## VIII. СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Општината ја финансира изработката на урбанистички планови и одредените програмски задачи.

Општината целосно финансира изработка на документација за градење на инфраструктурните објекти од значење на општината утврдена со урбанистички планови на општина Демир Капија а во изработка на другите објекти т.е. проекти за изграба на инфраструктурните објекти согласно договорите за регулирање на надоместокот за уредување на градежното земјиште склучени со корисниците.

## IX. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување ќе зависи од створените правни и технички услови како и од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште и други средства.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. Заради стимулирање на колективната станбена и деловна изградба по предлог на Градоначалник а со Одлука на Советот на Општина Демир Капија се дава можност за соодветно намалување во делот на надоместокот за уредување на градежно земјиште каде што реалните трошоци за комунално уредување го дозволуваат истото и тоа за изградба на:

- Колективна станбена изградба;
- Странски инвестициони вложувања;
- Стопански и деловни објекти кои овозможуваат поголем степен на вработување.

2. За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општина Демир Капија .
3. Се овластуваат Градоначалникот во реализација на Програмата да преземе мерки за поефикасна реализација на Програмата.
4. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 914/13
26.12.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Годишна програма за изработка на урбанистички планови во општина Демир Капија за 2026 година**

Се објавува Годишна програма за изработка на урбанистички планови во општина Демир Капија за 2026 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 26.12.2025 година.

Број 09–938/12
29.12.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/2020, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25), Советот на општина Демир Капија на седницата одржана на ден 26.12.2025 година, донесе:

**ГОДИШНА ПРОГРАМА**
**За изработка на урбанистички планови во општина Демир Капија за 2026 година**

Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија е годишна програма и претставува основа за уредување и опремување на градежното земјиште.

Планирањето е основа за создавање на единствена реална функционална целина преку кои ќе се овозможи отварање на нови локации за:

- А – домување и престој;
- Б – деловни и комерцијални намени;
- В – јавни дејности и институции;
- Г – производство, рударство, енергетика и индустрија;
- Д – зеленило, рекреација и меморијални простори;
- Е – инфраструктури;

Планирање се овозможува преку:

- Генерален урбанистички план
- Измена и дополнување на Генерален урбанистички план или делови на Генерален урбанистички план
- Детални урбанистички планови
- Измени и дополнување на Детални урбанистички планови
- Урбанистички план за село
- Урбанистички план вон населено место
- Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење
- Урбанистички проекти

**П Л А Н И Р А Њ Е**

Врз основа на годишната програма за изработка на плановите, Општината (нарачателот на планот) склучува договор за изработка на план со правно лице кое поседува

лиценца (изготвувач на планот) за плановите што ги финансира општината.

Со договор се утврдува содржината на планот, роковите за изработка, начинот на плаќање и други права и обврски на нарачателот и изготвувачот на планот.

Финансирањето на урбанистичките планови се планира да се обезбеди со:

1. Средства од надоместокот за уредување на градежно земјиште;

2. Самофинансирање од страна на заинтересирани правни и физички лица;

3. Средства од буџетот на Општина Демир Капија предвидени за изработка на урбанистички планови;

4. Средства од надоместок за уредување на правен статус на бесправно изградени објекти;

5. Средства добиени за изработка на урбанистички планови од Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделието и руралниот развој;

6. Средства од буџетот на Републиката предвидени со годишната програма за изработка на плановите што се согласно член 41 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/2020, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25) ја донесува Владата на Република Северна Македонија;

Планови кои во текот на оваа година се потребни и всушност претставуваат и основа за вклопување на бесправна градба, како и основа за развој на малото стопанство со постојна идустрија се:

**I. ДОНЕСУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**

1. Донесување на ГУП Демир Капија

**II. ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**

1. Измена и дополна на ДУП за зона за домување место викано „8 Март“ Демир Капија
2. Измена и дополна на ДУП за УБ 5 (Церот) во Демир Капија
3. Измена и дополна на дел од ДУП „УБ 12“ Демир Капија
4. Измена и дополна на ДУП за зона за домување „Партизанска 2“ во Демир Капија
5. Измена и дополна на блок 4 и 5 од ДУП за зона за домување "ИГРАЛИШТЕ" во Демир Капија, Општина Демир Капија
6. Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 12 - Опфат 1, општина Демир Капија
7. Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 12 - Опфат 2, општина Демир Капија

**III. ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛО**

1. Урбанистички план за село Бистренци во Демир Капија,
2. Урбанистички план за село Прждево во Демир Капија,
3. Урбанистички план за село Дрен во Демир Капија,
4. Измена и дополна на урбанистички план за село Дрен (локалитет Дошница) во Демир Капија.
5. Измена и дополна на Блок 2 од Урбанистички план за село Чифлик, Општина Демир Капија

**IV. ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО**

1. Измена и дополна на Урбанистички план вон населено место во место викано Попова Кула во КО Демир Капија, Општина Демир Капија

## V. ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ

1. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со јачина до 1MW, на КП 44, КП 45/1, КП 45/2 и КП 45/3, КО Прждево, Општина Демир Капија;

2. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со јачина до 1MW, на КП 37/2 и КП 42, КО Прждево, Општина Демир Капија;

3. Урбанистички проект за инфраструктура за фекална канализација со пречистителна станица за отпадни води во село Корешница - Општина Демир Капија;

4. Урбанистички проект за инфраструктура за фекална канализација со пречистителна станица за отпадни води во село Прждево - Општина Демир Капија;

5. Урбанистички проект за инфраструктура за фекална канализација со пречистителна станица за отпадни води во село Бистренци - Општина Демир Капија;

6. Урбанистички проект за инфраструктура за далекувод ДВ - 10(20) kV отклон Арекспорт", К.О. Бистренци и нова столбна трафостаница СТС 10(20)/0.4 kV; 160 kVA "Арекспорт", К.О. Бистренци, Општина Демир Капија;

7. Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела ГП1 со основна класа на намена Е1.13 – Површински соларни фотоволтаични електрани и Е1.1 – локални патишта, на дел од КП 898, дел од КП 899, дел од КП 903/1 и дел од КП 1023, КО Прждево, Општина Демир Капија

8. Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела ГП 2 со основна класа на намена Е1.13 - Површински соларни фотоволтаични електрани, на дел од КП 898, дел од КП 899, дел од КП 903/1 и дел од КП 1023, КО Прждево, Општина Демир Капија

9. Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела ГП 3 со основна класа на намена Е1.13 - Површински соларни фотоволтаични електрани, на дел од КП 898, дел од КП 903/1, и дел од КП 1023, КО Прждево, Општина Демир Капија

10. Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела ГП 4 со основна класа на намена Е1.13 - Површински соларни фотоволтаични електрани, на дел од КП 1022 и дел од КП 1023, КО Прждево, Општина Демир Капија

11. Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела ГП 5 со основна класа на намена Е1.13 - Површински соларни фотоволтаични електрани, на дел од КП 899, дел од КП 900, дел од КП 903/1, дел од КП 1022 и дел од КП 1023, КО Прждево, Општина Демир Капија

12. Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела ГП 6 со основна класа на намена Е1.13 - Површински соларни фотоволтаични електрани, на дел од КП 899, дел од КП 900 и дел од КП 903/1, КО Прждево, Општина Демир Капија

13. Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела ГП 7 со основна класа на намена Е1.13 - Површински соларни фотоволтаични електрани, на дел од КП 899, дел од КП 900 и дел од КП 903/1, КО Прждево, Општина Демир Капија

14. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Б5.1 – хотелски комплески на дел од КП 1051/1, дел од КП 1050/2, дел од КП 800, дел од КП 799, дел од КП 803, дел од КП 797, КП 796, КП 798, КП 801, КП 802, КП 805 и дел од КП 795/1, КО Демир Капија, Општина Демир Капија

15. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба до 35 kV електричен кабелски подземен вод, со намена Е1.8 – инфраструктури за пренос на електрична енергија, на КП 21/1 – дел, КП 230/1 – дел и КП 1208/3 – дел, КО Бистренци, Општина Демир Капија

16. Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.1 и ГП 1.2 од Измена на детален урбанистички план за дел од ДУП Попова Кула, КО Демир Капија, Општина Демир Капија

17. Урбанистички проект за инфраструктура за КП 5599/2 и други, КО Демир Капија, Општина Демир Капија

18. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Г 4.1 – отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока, на КП 2562, КП 2563, КП 2579, КП 2580, КП 2581, КП 2582, КП 2583, КП 2584, КП 2585, КП 2586, КП 2587, КП 2588, КП 2589, КП 2590, КП 2591, КП 2592/3, КО Демир Капија, Општина Демир Капија

19. Урбанистички проект со план за парцелација за ГП формирани од КП бр.781 дел, 782 дел и 778 дел, КО Бистренци, согласно ДУП за с. Бистренци, Општина Демир Капија, за изградба на објект со намена А1-домување во станбени куќи

20. Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 1.8 и ГП 1.9 (КП 4410/5, дел од КП 4410/1, КП 4411/2, дел од 4409 и дел од КП 4408) од УПВНМ за зона за спорт и рекреација, во м.в. Куријте и лагот, КО Демир Капија, Општина Демир Капија

21. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Е 1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет со 1 MW, на КП 938, КП 933 и КП 934 КО Прждево, Општина Демир Капија

22. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Е 1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет со 1 MW, на КП 917 и КП 915 КО Прждево, Општина Демир Капија

23. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Е 1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет со 1 MW, на КП 1399 и КП 1400 КО Прждево, Општина Демир Капија

24. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Е 1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет со 1 MW, на КП 1592, КП 1594, КП 1596 и КП 1595 КО Прждево, Општина Демир Капија

25. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Е 1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет со 1 MW, на КП 1589, КП 1590 и КП 1591 КО Прждево, Општина Демир Капија

26. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Е 1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет со 1 MW, на КП 1588, КП 1593/2 и КП 1593/1 КО Прждево, Општина Демир Капија

27. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Е 1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет со 1 MW, на КП 1018 КО Прждево, Општина Демир Капија

28. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Е 1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет со 1 MW, на КП 921 и КП 919, КО Прждево, Општина Демир Капија

29. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Е 1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет со 1 MW, на КП 847/1 и КП 847/2, КО Прждево, Општина Демир Капија

30. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Е 1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани со

капацитет со 1 MW, на КП 914 КО Прждево, Општина Демир Капија

31. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Е 1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет со 1 MW, на КП 911 и КП 912 КО Прждево, Општина Демир Капија

32. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Е 1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет со 1 MW, на КП 1468 и КП 1467 КО Прждево, Општина Демир Капија

33. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Е 1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет со 1 MW, на КП 1465 и КП 1462 КО Прждево, Општина Демир Капија

34. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Е 1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет со 1 MW, на КП 1601, КП 1602 и КП 1603 КО Прждево, Општина Демир Капија

35. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Е 1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет со 1 MW, на КП 1599 и КП 1600 КО Прждево, Општина Демир Капија

36. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на далновод до 35kv, во КО Тремник, општина Неготино, КО Прждево, КО Бистренци, општина Демир Капија; дел 2: од КП 68, КП 1738 и КП 404/1 до КП 1 во КО Прждево, општина Демир Капија

37. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на далновод до 35kv, во КО Тремник, општина Неготино, КО Прждево, КО Бистренци, општина Демир Капија дел 4: од КП 1775/5 во КО Прждево и КП 1254 во КО Бистренци до КП 21/1 и КП 21/13 во КО Бистренци, општина Демир Капија

38. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцел ГП1 со основна намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на делови од КП 71, КП72, КП 73, КП 74, КП 75, КП 76, КП 77, КП 78, КП 79, КП 80, КП81/2, КП 81/1 КО Прждево, општина Демир Капија

39. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцел ГП2 со основна намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на дел од КП 74, КП 75, КП 81/1, КП 81/2 КО Прждево, општина Демир Капија

40. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцел ГП3 со основна намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на делови од КП 82, КП83/2, 83/1, КП 84, КП 85, КП 86, КП 87 и КП 646/1 КО Прждево, општина Демир Капија

41. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцел ГП4 со основна намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на делови од КП 79, КП 80, КП 646/1, КП 663 и КП 82, КО Прждево, општина Демир Капија

42. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА за ГП 1.8 и ГП 1.9 од УПВНМ за зона спорт и рекреација во м.в. Куријте и Лагот, КО Демир Капија општина Демир Капија (одлука бр. 08-695/4 од 09.09.2015) на КП 4408-дел, КП 4409-дел, 4410/5, КП 4410/1-дел, КП 4411/2, КО Демир Капија, со намена Б3 – големи угостителски единици и Г2 – лесна и незагадувачка индустрија

43. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на далновод до 35kv, во КО Прждево, општина Демир Капија од КП 884 во КО Прждево до КП 74 во КО Бистренци, општина Демир Капија
